Врз основа на член 20 став 2 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности ( Службен весник на РМ бр. 143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), ЕЛЕМ ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје, со седиште во Скопје на Ул. 11 Октомври бр. 9, го објавува следното

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Се известува јавноста дека ЕЛЕМ ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје на 04.01.2017 година поднесе Барање за издавање на лиценца за вршење енергетска дејност снабдување со електрична енергија до Регулаторната Комисија за енергетика на Република Македонија.

НАЗИВ НА БАРАТЕЛОТ
ЕЛЕМ ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје, Ул. 11 Октомври бр. 9 Скопје, Република Македонија.

ВИД НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ
Снабдување со електрична енергија

ПОДРАЧЈЕ НА КОЈА ЌЕ СЕ ВРШИ ДЕЈНОСТА
Република Македонија

ОПИС НА НАЧИНОТ, ОБЈЕКТИТЕ И СРЕДСТВАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА
Снабдување на електричната енергија ќе се вршин согласно член 79 од Законот за енергетика ( Службен весник на РМ бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 06/16, 53/16,189/16 ). Друштвото ќе ја врши дејноста преку преносниот и дистрибутивниот систем на електрична енергија на Република Македонија со кој управуваат Операторот на електропреносниот систем и операторот на електродистрибутивниот систем во објектите и со средствата на Друштвото со кои ќе се врши дејноста. Дејноста ќе се врши согласно закон, друг пропис и меѓународни договори.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА
10 (Десет) години

РОК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРЕДЛОЗИ ,МИСЛЕЊА И СУГЕСТИИ ВО ВРСКА СО БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА
Заинтересираните правни и физички лица можат по писмен пат да достават до Регулаторната Комисија за енергетика на Република Македонија мислења и предлози во врска со поднесеното Барање за издавање на лиценца за снабдување со електрична енергија во рок 5 дена од денот на објавувањето на Известувањето за барањето во дневниот печат.

АДРЕСА НА РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бб, Палата Лазар Поп Трајков, 6-ти спрат,
1000 Скопје, Република Македонија

ЕЛЕМ ТРЕЈД ДООЕЛ - СКОПЈЕ